# МАНДРАК МАГИОНИЧАРОТ

ЛИ ФОК / ФИЛ ДЕЈВИС / ЖОКИ БУРГИЈА

# ОСТРОВ НА СТРАВОТ




МАНДРАК МАГИОНИЧАРОТ
ЛИ ФОК / ФИЛ ДЕЈВИС / ЖОКИ БУРГИЈА
ДОДЕКА ЈАХТАТА АРГУС СЕ ПРИБЛИЖУВА ДО ЕДЕН ОСТРОВ НАРДА Е ВОЗБУДЕНА: „КОНЕЧНО ЦИВИЛИЗАЦИЈА!“ „ТОА Е САМО БЕЗИМЕНА ТОЧКИЧКА НА КАРТА“, СЕ СМЕЕ МАНДРАК. НО ОБАЈЦАТА СЕ ИЗНЕНАДЕНИ КОГА ГЛЕДААТ: НА ОСТРОВОТ СЕ ПОЈАВУВА...
...МОДЕРЕН МАЛ ГРАД! ИМ ПРИРЕДУВААТ ДОБРЕДОЈДЕ СПОРЕД ОБИЧАИТЕ НА ЈУЖНИТЕ МОРИЊА, НО ДОМОРОТКАТА МРМОРИ: „ОДЕТЕ СИ ОДОВДЕ, ДОДЕКА УШТЕ МОЖЕТЕ!“
„КОНЕЧНО, ПОСЛЕ МЕСЕЦ НА МОРЕ, ФРИЗЕР!“, ОДУШЕВЕНА Е НАРДА, А МАНДРАК Е ЗБУНЕТ...
„ОДЕТЕ СИ ОДОВДЕ, ДОДЕКА УШТЕ МОЖЕТЕ!“, ФРИЗЕРКАТА Ѝ ШЕПОТИ НА НАРДА...
ВРАЌАЈЌИ СЕ НА АРГУС, ИЗНЕНАДЕНИ, ДОБИВААТ ПОВИК ЗА ВЕЧЕРА КАЈ ГУВЕРНЕРОТ НА ОСТРОВОТ! НАВЕЧЕР, ВО КУЌАТА НА ДОМАЌИНОТ, НЕКОЈА ЧУДНА ТИШИНА...
COPR. 1949, KING FEATURES SYNDICATE, Inc., WORLD RIGHTS RESERVED
„СИМПАТИЧЕН ОСТРОВ“, ВЕЛИ МАНДРАК. „ДА, БЕШЕ“, ОДГОВАРА ГУВЕРНЕРОТ И ДОДАВА: „ОДЕТЕ СИ ОДОВДЕ, ДОДЕКА УШТЕ МОЖЕТЕ.“ УШТЕ ЕДНА МИСТЕРИЈА!
1-30


МАНДРАК МАГИОНИЧАРОТ
ЛИ ФОК / ФИЛ ДЕЈВИС / ЖОКИ БУРГИЈА
ТАНЧЕРКИТЕ ГО ПОЧНУВААТ СВОЈОТ ТАНЦ ВО ЧЕСТ НА ГОСТИТЕ НА ГУВЕРНЕРОТ. НА МАНДРАК ДЕВОЈКИТЕ МУ ИЗГЛЕДААТ ТАЖНО...
1
„ЗОШТО СИТЕ, И ВИЕ, НÈ ПРЕДУПРЕДУВААТ ДА ГО НАПУШТИМЕ ОСТРОВОТ?“, ПРАШУВА МАНДРАК. „КЛИМАТА, ХМ, НЕ Е БАШ ЗДРАВА ЗА ТУРИСТИ“, ОДГОВАРА ГУВЕРНЕРОТ, А ПОТОА ПОВТОРНО НАСТАПУВА ТИШИНА.
2
ПОДОЦНА, ОТКАКО ЗАМИНАА МАНДРАК И НАРДА... „ОД ВРЕМЕ НА ВРЕМЕ ИМАМ ПОТРЕБА ДА ВИДАМ НЕКОГО“, СЕ ЖАЛИ ВЛАДЕТЕЛОТ. „НЕ, ГОСПОДИНЕ! СИТЕ ПОСЕТИТЕЛИ МОРААТ НАЈПРВИН ДА ЈА ДОБИЈАТ НАШАТА ДОЗВОЛА!“, ОДГОВАРА СОГОВОРНИКОТ.
3
СЛЕДНОТО УТРО МАНДРАК ИЗЛЕГУВА ДА ПОБАРА КОЊИ ЗА ЈАВАЊЕ. ДОДЕКА МИНУВА НИЗ ГРАДОТ ГО НАБЉУДУВААТ ДВАЈЦА МРАЧНИ ТИПОВИ... ФАЦИТЕ МУ СЕ ПОЗНАТИ...
4
ПОДОЦНА Ѝ ВЕЛИ НА НАРДА: „ВИДОВ НАЈМАЛКУ 12 ПОЗНАТИ КРИМИНАЛЦИ! ОВДЕ! ШТО ПРАВАТ ТИЕ НА ЈУЖНИОВ ОСТРОВ?“
5
COPR. 1940, KING FEATURES SYNDICATE, Inc., WORLD RIGHTS RESERVED.
КОГА ДОЈДОА ДО ЕДНА ВИСОКА ОГРАДА СО БОДЛИКАВА ЖИЦА, ГИ СОПИРА ВООРУЖЕН СТРАЖАР. „ВИЕ ДВАЈЦАТА, СЈАВАЈТЕ!“ ВО КАКВА НОВА МИСТЕРИЈА СЕ ВПЛЕТКАНИ МАНДРАК И НАРДА?
6
2-6


МАНДРАК
МАГИОНИЧАРОТ
ЛИ ФОК / ФИЛ ДЕЈВИС / ЖОКИ БУРГИЈА
ВООРУЖЕНИОТ СТРАЖАР ИМ НАРЕДУВА НА МАНДРАК И НАРДА ДА СЈАВААТ ОД КОЊИТЕ. МАГИОНИЧАРОТ ПРАВИ ДВИЖЕЊЕ СО РАКАТА И ПУШКАТА КАКО ДА ИСПАЃА ОД РАЦЕТЕ НА ЧУВАРОТ...
1
И ОТКАКО НЕКОЛКУ МОМЕНТИ ЛЕБДИ ВО ВОЗДУХОТ, ГО УДИРА ЧОВЕКОТ ПО ГЛАВА...
2
МАНДРАК САКА ДА ДОЗНАЕ ШТО ИМА ОТАДЕ ЖИЦАТА, НО НАРДА ИСПЛАШЕНА ИНСИСТИРА ДА СЕ ВРАТАТ НА ЈАХТАТА: И ЗАМИНЕМЕ!“
3
НО КОГА ДОАЃААТ НА МОЛОТ, ГИ ЧЕКА ИЗНЕНАДУВАЊЕ... АРГУС ИСЧЕЗНАЛ!
4
ОД ЕДНА ПРЕПЛАШЕНА ДОМОРОТКА ДОЗНАВААТ ДЕКА ВООРУЖЕНИ ЛУЃЕ ГО ГРАБНАЛЕ БРОДОТ... „МОРАМЕ ДА ГО ВИДИМЕ ГУВЕРНЕРОТ“, ВЕЛИ МАНДРАК.
5
COPR. 1940, KING FEATURES SYNDICATE, Inc., WORLD RIGHTS RESERVED.
„ЗНАЧИ, ВИ ЈА УКРАЛЕ ЈАХТАТА?“, СЕ СМЕЕ ТОЈ ГОРЧЛИВО. „ПА ЛОГИЧНО! ТИЕ СЀ КРАДАТ! ВЕ ПРЕДУПРЕДИВ! СО ОСТРОВОВ ВЛАДЕАТ ЛОПОВИ!“
6
2-13


МАНДРАК МАГИОНИЧАРОТ
ЛИ ФОК / ФИЛ ДЕЈВИС / ЖОКИ БУРГИЈА
„ОСТРОВОТ Е ВО РАЦЕ НА ЛОПОВИ. И САМИОТ ПРАКТИЧНО СУМ НИВЕН ЗАРОБЕНИК. А СЕГА СТЕ И ВИЕ!“, ОБЈАСНУВА ГУВЕРНЕРОТ. „ОСТРОВОВ ПРЕД МНОГУ ГОДИНИ Ѝ ПРИПАЃАШЕ НА МОЈАТА ФАМИЛИЈА...“
1
„ОВА НАВИСТИНА БЕШЕ РАЈ НА ЈУЖНИТЕ МОРИЊА. НЕМАВМЕ ПОТРЕБА НИ ОД ВОЈСКА НИ ОД ПОЛИЦИЈА.“
2
„ЕДЕН ДЕН, ПРЕД ПАР ГОДИНИ, НИ ДОЈДОА ПОСЕТИТЕЛИ. РЕКОА ДЕКА БАРААТ ОСТРОВ СО ПРИРОДНИ БОГАТСТВА. ИМ ПОНУДИВ СМЕСТУВАЊЕ И ИМ ОБЈАСНИВ ДЕКА МОЈОТ ОСТРОВ НЕМА...
3
...ИНТЕРЕСНИ РАБОТИ ЗА НИВ. МАЛКУ ПОГЛЕДНАА НАОКОЛУ И СИ ЗАМИНАА. ЕДЕН МЕСЕЦ ПОДОЦНА, ВРАЌАЈЌИ СЕ ОД РИБОЛОВ, ГО ЗАТЕКНАВ ОСТРОВОТ ОКУПИРАН...
4
ОД СТРАНА МА ВООРУЖЕНА БАНДА ГАНГСТЕРИ!“ „НО ЗОШТО? ВИЕ РЕКОВТЕ ДЕКА ОВДЕ НЕМА БОГАТСТВО...“ , ПРАШУВА МАНДРАК. „ТОА Е НАЈЛОШОТО“, ОДГОВАРА ГУВЕРНЕРОТ, ВИСТИНСКАТА ПРИЧИНА ЗОШТО СЕ ОВДЕ Е...“
5
COPR. 1949, KING FEATURES SYNDICATE, Inc., WORLD RIGHTS RESERVED.
НЕНАДЕЈНО ВЛЕГУВААТ ДВАЈЦА ЛУЃЕ! „НЕ МОЖЕМЕ ДА ТЕ ОСТАВИМЕ САМ НИ ЗА МИГ. ТИ РЕКОВМЕ ДА ЌУТИШ!“, ВЕЛИ ЕДНИОТ И ГО УДИРА ГУВЕРНЕРОТ. „ВИЕ ДВАЈЦА, НЕ МРДАЈТЕ!“, СЕ ЗАКАНУВА ДРУГИОТ БАНДИТ.
6
2-20


МАНДРАК МАГИОНИЧАРОТ
ЛИ ФОК / ФИЛ ДЕЈВИС / ЖОКИ БУРГИЈА
СО ЕДЕН ПРЕЦИЗЕН УДАР СО ТУПАНИЦА МАНДРАК ГО ОНЕСВЕСТУВА ЕДНИОТ БАНДИТ.
1
„САКАШ ВАЛКАНА ИГРА, ПРИЈАТЕЛЕ?“, СЕ СМЕЕ ДРУГИОТ. ШТЕТА ШТО НИШТО НЕМА ДА ПОСТИГНЕШ! СЕГА ЈАС ЌЕ ТЕ СУРЕДАМ!“
2
НАМЕСТО ОДГОВОР МАГИОНИЧАРОТ ПРАВИ ДВИЖЕЊЕ СО РАКАТА И ЕДНА ТУПАНИЦА, ОД НИКАДЕ, ГО УДИРА КРИМИНАЛЕЦОТ!
3
ВРЗУВАЈЌИ ГИ БАНДИТИТЕ МАНДРАК ГО ПОЛОЖУВА ГУВЕРНЕРОТ НА КАУЧ. „МОРАМ ДА СЕ ОБИДАМ ДА ЈА НАЈДАМ ЈАХТАТА“, ВЕЛИ МАГИОНИЧАРОТ. „МОЖЕБИ ЌЕ МОЖАМ ТЕЛЕПАТСКИ ДА ДОЈДАМ ДО ЛОТАР!“
4
НА ЈАХТАТА НА ЛОТАР МУ СЕ ПРИКАЖУВА ТЕЛЕПАТСКАТА СЛИКА НА МАНДРАК КОЈ БАРА ОД НЕГО ДА МУ КАЖЕ КАДЕ СЕ НАОЃА!
5
COPR. 1949, KING FEATURES SYNDICATE, Inc., WORLD RIGHTS RESERVED.
„НА ЈАХТАТА НА РЕКА... СЕ БОРЕВ И ИЗГУБИВ. ВРЗАН СУМ НА ПАЛУБА“, ОДГОВАРА ЛОТАР. „СИГУРНО ПРЕЈАКО СМЕ ГО МАВНАЛЕ; ЗБОРИ САМ СО СЕБЕ!“, СЕ СМЕАТ ДВАЈЦАТА ЧУВАРИ.
6


МАНДРАК МАГИОНИЧАРОТ
ЛИ ФОК / ФИЛ ДЕЈВИС / ЖОКИ БУРГИЈА
ОД РЕЗИДЕНЦИЈАТА НА ГУВЕРНЕРОТ МАНДРАК ТЕЛЕПАТСКИ СТАПУВА ВО КОНТАКТ СО ЛОТАР. „БИДИ МИРЕН, ЌЕ ТЕ НАЈДАМ“, МУ ОДГОВАРА СЛИКАТА!
1
„ЛОТАР И ПОСАДАТА СЕ ЗАТВОРЕНИЦИ НА ЈАХТАТА...НА НЕКОЈА РЕКА... СИГУРНО Е ОВА, СРЕДЕ ОСТРОВОТ, ЗАД ОГРАДАНА...“
2
„ДАЛИ НА ОСТРОВОТ ПОСТОИ НЕКОЈ КОМУ МОЖЕМЕ ДА МУ ВЕРУВАМЕ?“, ГО ПРАШУВА МАНДРАК ГУВЕРНЕРОТ. „ДАРУ, СИНОТ НА СЕЛСКОТО ПЛЕМЕ“, МРМОРИ ОВОЈ. „ПОТРЕБНА МУ Е НЕГА, НАРДА. ОСТАНИ ОВДЕ И ПАЗИ НА НЕГО. ЈАС МОРАМ ДА ОДАМ.“ „БИДИ ВНИМАТЕЛЕН, МИЛИ...“
3
МАНДРАК ГО ПРОНАОЃА ДАРУ. „ДА ЛОПОВИТЕ ГО ОКУПИРААТ НАШИОТ ОСТРОВ. НИЕ НЕМАМЕ ОГНЕНО ОРУЖЈЕ. БЕСПОМОШНИ СМЕ...“, ВЕЛИ МЛАДИЧОТ. „ОДВЕДИ МЕ ДО НИВНИОТ ШТАБ, БАРА МАГИОНИЧАРОТ.
4
„ЗОШТО ЛОПОВИТЕ ДОШЛЕ ОВДЕ?, ПРАШУВА МАНДРАК. „НЕ ИМ ГИ ЗНАМ НАМЕРИТЕ, САМО ЗНАМ ДЕКА СЕ ТУКА“, ОДГОВАРА ДАРУ. „ДА СЕ ПРЕМИНЕ ОГРАДАТА ЗНАЧИ СИГУРНА СМРТ!“
5
COPR. 1949, KING FEATURES SYNDICATE, Inc., WORLD RIGHTS RESERVED.
„БОДЛИКАВАВА ЖИЦА ГО ОПКРУЖУВА СРЕДИШТЕТО НА ОСТРОВОТ. НИКОЈ НЕ СЕ ВРАТИЛ ОД ТИЕ ШТО ЈА ПРЕМИНАЛЕ“, ПРОДОЛЖУВА ДОМОРОДЕЦОТ. „МОРАМ ДА ВИДАМ ШТО ИМА ОД ДРУГАТА СТРАНА“, ВЕЛИ МАНДРАК. ТИ ЧЕКАЈ МЕ ОВДЕ. ЌЕ СЕ ВРАТАМ БРЗО, БАРЕМ СЕ НАДЕВАМ!“
6
3-6


МАНДРАК
МАГИОНИЧАРОТ
ЛИ ФОК / ФИЛ ДЕЈВИС / ЖОКИ БУРГИЈА
НА ОСТРОВОТ НА СТРАВОТ... ОТКАКО ЈА ПРЕМИНА ЗАБРАНЕТАТА ГРАНИЦА, МАНДРАК ЗДОГЛЕДА НИЗА ОД НИСКИ ГРАДБИ БЕЗ ПРОЗОРЦИ И СВОЈАТА ЈАХТА НА РЕКАТА.
1
„ЕЈ ТИ! КОЈ СИ?“, ГО ПРАШУВА ЕДЕН ЧУВАР... МАНДРАК ЧЕКА ДА МУ СЕ ПРИБЛИЖИ...
2
...А ПОТОА СЕ ЧИНИ ДЕКА ИСЧЕЗНАЛ ВО ВОЗДУХ! ЧУВАРОТ Е ЗБУНЕТ: „УБЕДЕН СУМ ДЕКА ВИДОВ ЧОВЕК...“, РАЗМИСЛУВА. „МОЖЕБИ СОНЦЕВО Е ПРЕСИЛНО ЗА МЕНЕ!“
3
МАГОТ ДОАЃА ДО ЦЕНТАРОТ. И СЕ ЧУДИ КАКО НИКОЈ НЕ ОБРНУВА ВНИМАНИЕ НА НЕГО. СИГУРНО СЕ УБЕДЕНИ ДЕКА СМЕАМ ДА БИДАМ ОВДЕ“, МИСЛИ МАНДРАК.
4
„ОВА СЕ КРИМИНАЛЦИ БАРАНИ НИЗ ЦЕЛ СВЕТ... НО ШТО ЛИ ПРАВАТ ОВДЕ ОБЕДИНЕТИ, НА ОСТРОВОВ?“, СЕ ПРАШУВА ДОДЕКА ВЛЕГУВА ВО ЕДНА ЗГРАДА.
5
COPR. 1949, KING FEATURES SYNDICATE, Inc., WORLD RIGHTS RESERVED.
ВО ЕДНА ГОЛЕМА ПРОСТОРИЈА НАЛЕТУВА НА ГОЛЕМО КОЛИЧЕСТВО БЛАГО... „СЕ ЧИНИ КАКО ЦЕЛОТО БОГАТСТВО НА СВЕТОТ ДА Е ЗАТВОРЕНО ОВДЕ!“, МИСЛИ МАГОТ... ВО ИСТИОТ МОМЕНТ СФАЌА ДЕКА ГО НАБЉУДУВААТ...
3-13
6


МАНДРАК
МАГИОНИЧАРОТ
ЛИ ФОК / ФИЛ ДЕЈВИС / ЖОКИ БУРГИЈА
ВО ГРАДОТ НА ЛОПОВИТЕ МАНДРАК ОТКРИВА ОГРОМЕН МАГАЦИН ПОЛН СО НАКИТ И СКАПОЦЕНОСТИ. ЕДЕН НИЗОК ЧОВЕК МУ СЕ ПРИБЛИЖУВА: „ГОСПОДИНЕ, МОЖАМ ЛИ ДА ВИ ПОМОГНАМ?“ „ДА. ШТО ПРЕТСТАВУВА СЕВО ОВА?“
1
ОВДЕ НИ ДОАЃА РОБАТА. КАКО ШТО МОЖЕТЕ ДА ВИДИТЕ, НИЕ СМЕ НАЈГОЛЕМ ЦЕНТАР ЗА ДИСТРИБУЦИЈА НА СВЕТОТ“, ОДГОВАРА ЧОВЕКОТ.
2
„БЛАГОТО УКРАДЕНО ВО СЕКОЕ КАТЧЕ НА ЗЕМЈАТА ДОАЃА ОВДЕ. НИЕ ГО МОДИФИКУВАМЕ НАКИТОТ ЗА ДА НЕ МОЖЕ ДА СЕ ПРЕПОЗНАЕ. НАЈГОЛЕМИТЕ ПАРЧИЊА ГИ СЕЧЕМЕ...“
3
„ОВДЕ, НА ПРИМЕР, ГИ ПРЕПРАВАМЕ УКРАДЕНИТЕ БУНДИ... ДОМОРОТКИТЕ ГИ НАУЧИВМЕ КАКО СЕ РАБОТИ... НО, МИ СЕ ЧИНИ ДЕКА РАБОТАТ МАЛЦЕ БЕЗВОЛНО... ЗА ЖАЛ!“
4
„ЖИТЕЛИТЕ НА ОСТРОВОТ НЕМААТ ОРУЖЈЕ И НЕ МОЖАТ ДА СЕ БРАНАТ... ГИ ДРЖИМЕ ВО ШЕПИ, КАКО СТАРИОН ГЛУП ГУВЕРНЕР... ВИСТИНСКИОТ ВОДАЧ Е ОВДЕ ШЕФОТ НА БАНДАТА. СЕГА ВЛЕЗЕТЕ ОВДЕ.“
5
COPR. 1949, KING FEATURES SYNDICATE, Inc., WORLD RIGHTS RESERVED.
„КОЈ СТЕ ВИЕ?“, ПРАШУВА МАНДРАК, ПРЕМИНУВАЈЌИ ГО ПРАГОТ. „ЈАС СУМ ШЕФОТ“, ВЕЛИ ТИПОТ, ДОДЕКА ПОД НОЗЕТЕ НА МАНДРАК СЕ ОТВОРА ПОДОТ.
6
3-20



МАНДРАК
МАГИОНИЧАРОТ
ЛИ ФОК / ФИЛ ДЕЈВИС / ЖОКИ БУРГИЈА
„ИСПАДНАВ НАИВЕН! САКАВ ДА ДОЗНАМ КОЈ Е ШЕФОТ И ПАДНАВ ВО ГЛУПА СТАПИЦА!... ТАКА ЗНАЧИ... ОВА Е БАНДА ШТО ОПЕРИРА СО УКРАДЕНИ РАБОТИ! А СЕГА, ШТО...“
1
НАЕДНАШ СЕ ПАЛАТ СВЕТЛА И ДВАЈЦА ВООРУЖЕНИ ВЛЕГУВААТ ВО ЧУДНАТА ЌЕЛИЈА. МАНДРАК БРЗО ПРАВИ ЕДНО ДВИЖЕЊЕ И...
2
...СЕ ЧИНИ ДЕКА МАГОТ СЕ ПРЕТВОРИЛ ВО ДВАЈЦА ПОМАЛИ! БАНДИТИТЕ СЕ ЗБУНЕТИ!
3
СЕ ЧИНЕШЕ ДЕКА МАНДРАК ПАК СЕ ДЕЛИ, И ТАКА СÉ ДОДЕКА НЕ СЕ ПОДЕЛИ НА ТОЛКУ МАЛИ ЛУЃЕ ШТО МОЖЕА ДА ПРЕМИНАТ НИЗ ОТВОРИТЕ НА ЖИЦАТА.
4
ХИПНОТИЗИРАНИТЕ ЧУВАРИ ВЕРУВААТ ДЕКА ГЛЕДААТ КАКО МАНДРАК БЕГА ОД ЌЕЛИЈАТА!
5
COPR. 1949, KING FEATURES SYNDICATE, Inc., WORLD RIGHTS RESERVED.
„...И ТОГАШ СИТЕ ТИЕ... ИЛИ ТОЈ... ЗАМИНАА!“, ОБЈАСНУВААТ ЗБУНЕТИТЕ ЧУВАРИ. „ИМБЕЦИЛИ! ТОА Е ИЗМАМНИК, ОПСЕНАР! БАРАЈТЕ ГО! ПУКАЈТЕ НА НЕГО!“, ГРМИ ШЕФОТ. „МОРАМ ДА СЕ СКРИЈАМ И ДА БИДАМ ВНИМАТЕЛЕН...“, МИСЛИ МАГИОНИЧАРОТ.
6
3-27
JOŠ UVEK HIPNOTISANI

# МАНДРАК МАГИОНИЧАРОТ

ЛИ ФОК / ФИЛ ДЕЈВИС / ЖОКИ БУРГИЈА




МАНДРАК
МАГИОНИЧАРОТ
ЛИ ФОК / ФИЛ ДЕЈВИС / ЖОКИ БУРГИЈА
НА ОСТРОВОТ НА СТРАВОТ... НАРДА Е ЗАРОБЕНА. ЈА ВОДАТ ВО ГАНГСТЕРСКОТО ДУВЛО ОД КАДЕ НИЕДЕН ЗАТВОРЕНИК НИКОГАШ НЕ СЕ ВРАТИЛ!
1
ВЕДНАШ ЈА ОДВЕДОА КАЈ ЗЛОКОБНИОТ ШЕФ НА БАНДАТА. „ХММ... МАНДРАК ИМА ДОБАР ВКУС... ЌЕ ВЕ ДРЖИМЕ КАКО ЗАЛОЖНИК, ДРАГА. ТОЈ ЌЕ ГО ПРОМЕНИ СТАВОТ КОГА ЌЕ ДОЗНАЕ ДЕКА СТЕ ТУКА!“
2
ЗА ТОА ВРЕМЕ МАНДРАК ВНИМАТЕЛНО СЕ ПРИБЛИЖУВА ДО АРГУС, УСИДРЕН ВО РЕКАТА...
„МОРАМ ДА НАЈДАМ НАЧИН ДА ГИ ОСЛОБОДАМ ЛОТАР И ПОСАДАТА...“
3
ИЗНЕНАДЕНИОТ ЛОТАР ГО ГЛЕДА КАКО ДОАЃА. „ПСТ, ЛОТАР. ДАЛИ СИ ВРЗАН?“ „ДА“, ТИВКО ОДГОВАРА ЛОТАР.
4
ДВАЈЦА ЧУВАРИ ГО ЗДОГЛЕДУВААТ МАГИОНИЧАРОТ КОЈ ВЕДНАШ ГИ АКТИВИРА СВОИТЕ ХИПНОТИЧКИ МОЌИ...
5
COPR. 1949. KING FEATURES SYNDICATE, Inc., WORLD RIGHTS RESERVED.
„ЕЈ! ГЛЕЈ!“ ОБАЈЦАТА СЕ ЧУДАТ... „ТОА Е РИБА!“
ЛОТАРЕ, ЌЕ ТИ КАЖАМ ШТО ДА НАПРАВИШ!
6
4-10


МАНДРАК
МАГИОНИЧАРОТ
ЛИ ФОК / ФИЛ ДЕЈВИС / ЖОКИ БУРГИЈА
ЌЕ МЕ ОСЛОБОДАТ НА ПОЛНОЌ, НО САМО НА ПАР МИНУТИ!
ДВАЈЦАТА ЧУВАРИ НА АРГУС СЕ ПРАШУВААТ СО КОГО ЗБОРУВА ЛОТАР. ЗАЧУДЕНО ГЛЕДААТ САМО ГОЛЕМА РИБА ВО ВОДАТА.
ДОБРО. ЧЕКАЈ ЦРВЕНО СВЕТЛО ПА ОСЛОБОДИ СЕ ОД ЧУВАРИТЕ!
1
„РИБАНА ЗБОРУВАШЕ“, ИЗВИКА ЕДНИОТ ЧУВАР. „ОХ... ШТО ЗБОРАМ?“, ДОДАВА ДОДЕКА РИБАТА ИСЧЕЗНУВА ВО ВОДАТА.
2
„РИБАТА“ ⊠ ОДНОСНО МАНДРАК ⊠ ДОПЛИВУВА ДО БРЕГОТ. „А СЕГА ПОВТОРНО НА ОГРАДАТА. ДАРУ СИГУРНО БРЗО СЕ ВРАТИЛ.
3
ВСУШНОСТ, МЛАДИЧОТ ТОКМУ СТИГА СО СВОИТЕ ВОИНИ. „НО, НЕ СМЕ ВООРУЖАНИ ⊠ БАНДИТИНЕ ЌЕ НИ СЕ СМЕАТ. „НЕ“, ОДГОВАРА ДАРУ. „МАГИОНИЧАРОТ ЌЕ НИ ПОМОГНЕ.“
4
МАНДРАК НА ВОИНИТЕ ИМ ДАВА НОЖИЦИ, НАЈДЕНИ МЕЃУ ОРУЖЈЕТО. „СОЧЕКАЈТЕ ЈА ЦРВЕНАТА РАКЕТА НА ПОЛНОЌ. ТОГАШ ВЛЕЗЕТЕ ОВДЕ И ВО ПОДЗЕМЈЕТО ЌЕ НАЈДЕТЕ ОРУЖЈЕ КОЛКУ ШТО САКАТЕ!“, ИМ ВЕЛИ МАГОТ.
5
COPR. 1949, KING FEATURES SYNDICATE, Inc., WORLD RIGHTS RESERVED.
„АХ, МАНДРАЧЕ, ЗНАЕВ ДЕКА ЌЕ СЕ ВРАТИТЕ“, СЕ СМЕЕ ШЕФОТ. „ДОЗНАВТЕ ДЕКА НАРДА Е ОВДЕ И ДОЈДОВТЕ ДА СЕ ПРЕДАДЕТЕ!“ „НЕ ЗНАЕВ НИШТО... ЗАПРАВО, ДОЈДОВ ДА ВЕ ПОКАНАМ ВИЕ МЕНЕ ДА МИ СЕ ПРЕДАДЕТЕ!“, ВЕЛИ МАГОТ.
6
4-17


МАНДРАК
МАГИОНИЧАРОТ
ЛИ ФОК / ФИЛ ДЕЈВИС / ЖОКИ БУРГИЈА
ОСТРОВ НА СТРАВОТ:., ЛОПОВИТЕ СЕ СМЕАТ ОТКАКО ГО СЛУШНАА БАРАЊЕТО НА МАНДРАК. „НИЕ ДА СЕ ПРЕДАДЕМЕ?!“ А ВИЕ СТЕ ЗАРОБЕНИЦИ!“ МАГОТ НЕ ОДГОВАРА ТУКУ ИСПАЛУВА СВЕТЛЕЧКА РАКЕТА...
1
ЦРВЕНАТА РАКЕТА ЕКСПЛОДИРА НА НЕБОТО НАД ЛОПОВСКОТО ДУВЛО, ВИДЛИВА ОД ЈАХТАТА И ОСТАТОКОТ НА ОСТРОВОТ...
2
ТОА Е ЗНАК! НА АРГУС, ЛОТАР И ОСЛОБОДЕНИТЕ МОРНАРИ ВЕДНАШ ГИ НАПАЃААТ ЧУВАРИТЕ...
3
...ДОДЕКА ДАРУ И НЕГОВИТЕ ВОИНИ ВЛЕГУВААТ ВО ГАНГСТЕРСКАТА БАЗА, ОТКАКО ЈА ИСЕКОА БОДЛИКАВАТА ЖИЦА.
4
ПОТОА ГО ЗЕМААТ ОРУЖЈЕТО И ТРГААТ КОН ЗАТЕЧЕНИТЕ БАНДИТИ...
5
COPR. 1949, KING FEATURES SYNDICATE, Inc., WORLD RIGHTS RESERVED.
„ЗАТВОРЕНИЦИТЕ ИЗБЕГАА ОД ЈАХТАТА... ДОМОРОТЦИТЕ НÉ НАПАЃААТ... ЌЕ СЕ ПРЕДАДЕМЕ?“, СЕ ПРАШУВА ЕДЕН ЧОВЕК. „ОВА Е ВАШЕ МАСЛО, МАНДРАЧЕ! СОПРЕТЕ ГИ ИЛИ ВИЕ ДВАЈЦА СТЕ ГОТОВИ!“, ВИКА ШЕФОТ.
6
4-24


МАНДРАК
МАГИОНИЧАРОТ
ЛИ ФОК / ФИЛ ДЕЈВИС / ЖОКИ БУРГИЈА
„СОПРЕТЕ ГИ ЛУЃЕТО ИЛИ ЌЕ ПУКАМ!“, ПОВТОРУВА ШЕФОТ. „СО ШТО?“, ПРАШУВА МАГОТ И СО ЕДЕН ПОТЕГ РЕВОЛВЕРИТЕ СЕ ПРЕТВОРААТ ВО ЛИСИЦИ!
1
ТОГАШ ЛОТАР И МОРНАРИТЕ ОД АРГУС ДОАЃААТ НА КОПНОТО...
2
ДОДЕКА ПОД ЗЕМЈА ДАРУ И НЕГОВИТЕ ВОИНИ ГИ ЗАРОБИЛЕ ПОВЕЌЕТО БАНДИТИ!
3
МАНДРАК ГО ВОДИ ШЕФОТ НА БАНДАТА ПРЕД ГУВЕРНЕРОТ... „НОЌНАВА МОРА НАВИСТИНА Е ЗАВРШЕНА?“, ПРАШУВА ДОБРИОТ ЧОВЕК ВО НЕВЕРИЦА...
4
НОЌНАТА МОРА СТВАРНО Е ЗАВРШЕНА! ОСТРОВОТ ПОВТОРНО Е СЛОБОДЕН! БАНДИТИТЕ СЕ ВО ЗАТВОР, А УКРАДЕНИТЕ СКАПОЦЕНОСТИ ПОСТЕПЕНО СЕ ВРАЌААТ ВО ГРАДОВИТЕ ОД КАДЕ ШТО СТИГНАЛЕ!
5
COPR. 1949, KING FEATURES SYNDICATE, Inc., WORLD RIGHTS RESERVED.
„ВЕРУВАВМЕ ДЕКА ЌЕ ПОСЕТИМЕ РАЈСКИ ОСТРОВ... НАМЕСТО ТОА ЗАТЕКНАВМЕ ОСТРОВ НА СТРАВОТ И КРИМИНАЛОТ“, ВЕЛИ НАРДА. „НИКОГАШ НЕ СУДИ ПО ИЗГЛЕДОТ“, СЕ СМЕЕ МАНДРАК. „НО СЕГА ТОА Е ПОВТОРНО СРЕЌЕН ОСТРОВ! СÈ Е ДОБРО КОГА ДОБРО ЌЕ СЕ ЗАВРШИ!“
5-1
6
КРАЈ



НЕКОМЕРЦИЈАЛНО
АРТ ИЗДАНИЕ
СКОПЈЕ, 2016